Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Сузана Толева УП2 09-70/24 од 13 февруари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138199294 за период 08.12.2022-05.01.2024 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1138199294 за период 08.12.2022-05.01.2024 година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Се задолжува ЕВН ХОМЕ точно да ги евидентира потрошените kWh заклучно со 31.12.2022 година.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Сузана Толева до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138199294 за период 08.12.2022-05.01.2024 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според жалителот – периодот на фактурата е за околу 13 месеци, односно броилото не било читано претходно и поради тоа состојбите не се точни.

Според ЕВН ХОМЕ - извршено е отчитување на броилото бр. 69504142. Согласно регистрираните состојби од броилото, коригирани се претходните фактури со машинска проценка и изготвена е нова корекциска фактура (сега приговараната) со цел правилна распределба на kWh. Уплатите извршени по сторнираните фактури се соодветно евидентирани и порамнети во коригираната фактура. Воедно, на корисникот понудена му е можност износот од фактурата да го подмири на рати.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-70/24 од 13 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 февруари 2024 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 5 јануари 2024 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–70/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**